| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Подготовка на Регионален План за управување со отпад во Источниот и Североисточниот плански регион |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Меѓуопштински одбори за управување со отпад (МОУО) |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Советите на општините во Источниот и Североисточниот плански регион треба да го усвојат Регионалниот план за управување со отпад |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Енвироплан С.А. Грција-Консултантска куќа, во рамките на Тендер за Проект-Подготовка на регионални планови и стратешка оцена на животната средина за Источниот и Североисточниот регион-EuropeAid/130400/D/SER/MK |
| **Назив на работното место** | Тим Лидер:<br>Г-ѓа Елени Иеремиади<br>Е-мејл: e.ieremiadi@enviroplan.gr<br>Тел: +302106105127<br><br>Проектна канцеларија во Скопје<br>Контакт лице:<br>Ирена Апостолова<br>Е-мејл: i.apostolova@enviroplan.gr<br>Тел: + 389 70 531 363 |
| **Контакт податоци за лицето** | Enviroplan S.A.<br>Consultants & Engineers<br>23 Perikleous&Iras str.<br>153 44 Gerakas-Athens, Greece<br>Tel. +30-210-6105127/8<br>Email: info@enviroplan.gr<br><br>**Канцеларија во Скопје, Република Северна Македонија**<br>ENVIROPLAN S.A. in North Macedonia<br>Адреса: Ул. „Христо Татарчев" бр. 1-2/18<br>Тел: +389 2 277 3487<br>Факс: +389 2 277 3497 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Регионалниот план за управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион се изработува во согласност со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија за период 2008-2020, Националниот план за управување со отпад на Република Македонија за период 2021-2031 и Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20). Во согласност со член 24(5) од овој закон, регионалниот план пред да биде усвоен од страна на општинските совети се доставува на одобрување до органот за животна средина. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ, наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА, наведете ја областа.** | | | |
| **Да**, Управување со отпад. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** | | | |
| Да ☒<br>НЕ ☐ | **Член: 3** | **Точка: 10** | **Алинеја: /** |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен, наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Да. Во Регионалниот план за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион предвидува отстранување на отпад. Во согласност со Правилникот за идентификација на проекти и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 74/05, 109/09, 164/12, 202/16 и 175/22), овој проект е категоризиран во групата на проекти за кои е задолжителна оцена на влијанието врз животната средина - Прилог I, точка 8 - Инсталации за отстранување на отпад, горење, согорување и физички и хемиски третман. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65, став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |

Главна цел на Регионалниот план за управување со отпад е да ги регулира и усогласи целите на Националната стратегија за управување со отпад и Националниот План за управување со отпад на регионално ниво, да се постигне интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион и да се поддржи процесот на планирање за интегрирано регионално управување со отпадот.

Регионалниот план за управување со отпад ќе претставува основа за примена на интегриран систем за управување со отпадот како начин за ставање под контрола на разни видови создаден отпад и истиот ќе даде насоки за идно управување на отпадот кои ќе дадат придонес за:

-намалување на количествата на отпад кои завршуваат на депонија и претставуваат закана за животната средина и здравјето на населението;

- употреба на материјалот и вредноста на отпадот;;

-управувањето со отпадот да се врши на начин со кој ќе се намалат влијанијата врз животната средина и здравјето на населението;

За подготовка на Регионалниот план извршени се детални истражувања, мерења и анализи на количините на генериран отпад и негово управување. Врз основа на овие анализи, предложени се повеќе сценарија за управување со отпадот.

Во сценаријата за управување со отпад во Источниот и Североисточниот плански регион се предвидува: сепаратно собирање на селектирани фракции на отпад, рециклирање, механички и биолошки третман (вклучувајќи третман на мешан отпад, органски отпад итн.), каде што е можно да се постигне следново како краен производ: Компост, излез сличен на компост (CLO), обновени рециклирачки материјали, гориво добиено од отпад (RDF), цврсто обновено гориво (SRF), биогас, обновување на енергија итн.

Со оглед на тоа што активностите во сценаријата на Планот ќе иницираат имплементација на активности што можат да предизвикаат негативни влијанија, се донесува Одлука за спроведување на стратешка оценка на животната средина.

***Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.***

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Предмет на Регионалниот план за управување со отпад е: уредување и усогласување на заедничките цели во управувањето со отпадот на регинално ниво, односно планирање за интегрирано регионално управување со отпадот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

Во согласност со Законот за управување со отпадот, Регионалниот план за управување со отпад се донесува за период од 10 години.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ.**
**Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

Во согласност со Законот за управување со отпадот, Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад (од членот 32 од овој Закон) може по потреба на секои две години да предложи изменување и дополнување на Регионалниот план.

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

| |
|---|
| Источниот плански регион го сочинуваат 11 општини: Берово, Чешиново-Облешево, Делчево, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница, Зрновци. Во планскиот документ дополнително беше вклучена и општина Свети Николе.<br>Источниот плански регион зафаќа површина од ~3.537 km2.<br>Североисточниот плански регион се состои од 6 општини: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане.<br>Североисточниот плански регион зафаќа површина од ~2.306 km2.<br>Карта на географската положба на Источниот и Североисточниот плански регион е приложена во Прилог 1. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |

Потенцијалните влијанија врз животната средина зависат од изборот на сценариото за управување со отпад, а во зависност од избраното сценарио ќе се градат капацитети, постројки, инфраструктура и сл. Исто така, влијанијата ќе зависат и од изборот на сценарио за намалување на ризиците од постојните регулирани и нерегулирани депонии во регионот.
Регионалниот план за управување со отпад ќе дава насоки за реализација на одбраното сценарио преку конкретни проекти, кои во зависност од изборот и сензитивноста на локацијата каде истите ќе бидат имплементирани, може да предизвикаат позитивни и негативни влијанија.
**Очекувани позитивни влијанија:**
Предвидените сценарија во Планот ќе допринесат за подобрено управување со отпадот, подобрување на состојбата на квалитетот на воздухот, намалување на емисиите на стакленички гасови, подобрување на здравјето на населението, биолошката разновидност, водниот потенцијал, квалитетот на почвата, културното наследство, земјоделството и шумарството и сл.
Покрај директното подобрување на состојбата во медиумите и областите од животната средина, сценаријата вклучуваат и разгледување на неколку опции за Интегриран систем за управување со цврст отпад (ISWMS) во сите фази (собирање, транспорт, третман, отстранување). ISWMS ќе служи на принципите на хиерархија на отпад и циркуларна економија, со цел минимизирање на директните влијанија врз животната средина, искористување на отпадот како извор, намалување на потрошувачката на суровини, заштеда на енергија итн.
Покрај горенаведените придобивки, регионалното управување со отпад ќе допринесе за подобрување на социо-економската состојба во регионите, која ќе се одрази преку зголемена понуда за работа, нови вработувања, подобра бизнис клима итн.
**Очекувани негативни влијанија:**
Во зависност од изборот на сценаријата за регионално управување со отпад, кои ќе допринесат за подобрување на постојната состојба со управување со отпадот, нивната имплементација изразена преку конкретни проекти, во зависност од локацијата и сензитивноста на истата, може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на населението, да го засегнат населението од социо-економски аспект изразен преку зафаќање или загуба на земјиште или забрана на спроведување на некои земјоделски пракси, нарушување на состојбата и квалитетотот на водите, почвата, биолошката разновидност, природното и културното наследство, материјалните добра, да го зголемат нивото на бучава во животната средина, да го зголемат сообраќајот по сообраќајниците, да го зголемат ризикот од несреќи и хаварии, да влијаат врз развојот на туризмот и сл.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста, времетраењето, фрекфентноста и повратноста на влијанијата ќе се утврди на ниво на конкретни плански, програмски и проектни активности, кои ќе произлезат од имплементација на Регионалниот план за управување со отпад. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во зависност од степенот на оптоварување на медиумите и областите од животната средина, непосредното опкружување на избраните локации за имплементација на предвидените активности и содржини (близина на населени места, комерцијално-индустриски капацитети, инфраструктурни објекти и мрежи) и видот на предвидените мерки, може да се очекуваат кумулативни влијанија кои може да влијаат врз медиумите и областите од животната средина и здравјето на населението. Ефектите од овие влијанијата ќе се утврдат на ниво на конкретни проектни активности. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Не е применливо |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Во зависност од видот на проектите предвидени во сценаријата за управување со отпадот, може да дојде до ризици по животот и здравјето на населението. Ризиците ќе се утврдат на ниво на конкретни проектни активности. |

| | |
|---|---|
| **Опсег и просторен обем на влијанијата (географска област и големина на популацијата која ќе биде засегната)** | Источниот плански регион го сочинуваат следниве општини: Берово, Чешиново-Облешево, Делчево, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница, Зрновци, со површина од ~3.537 $км^2$ и вкупно население од 150.234 жители (попис 2021).<br>Општина Свети Николе, која е дополнително вклучена во планскиот документ, има површина од 480 км2 и 15.320 жители (попис 2021).<br>Североисточниот плански регион го сочинуваат 6 општини: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане, со површина од ~2.306 $км^2$ и вкупно население од 152.982 жители (попис 2021).<br>Вкупната големина на населението што ќе биде засегнато е 318.536 жители. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивни влијанија:

- намалување на емисиите на стакленички гасови на национално и регионално ниво,
- зголемување на вработеноста и ублажување на сиромаштијата,
- економски развој на регионите,
- подобар квалитет на живот.

Негативни влијанија:

- зголемени трошоци за регионално управување со отпад изразени преку трошоци за собирање и транспорт, изградба на депонии и постројки за третман на отпадот и сл.;
- зафаќање на приватен имот за изградба на објекти и инфраструктурни мрежи;

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**
Ќе зависи од изборот на конкретна локација и нејзината сензитивност, што ќе се определи на ниво на секој конкретен проект/активност.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Истите ќе бидат предмет на анализа на конкретна планска документација за секоја планирана активност, во однос на прогласените и евидентирани природни вредности на територијата на регионот. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Во оваа фаза не може да се одредат стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности, бидејќи предвидените активности ќе се реализираат на различни подрачја од регионот, а секое подрачје се карактеризира со одреден квалитет на животната средина. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во оваа фаза не може да се одреди употребата на земјиштето за конкретните и идните можни локации. Истите ќе бидат предмет на анализа на конкретна планска и проектна документација за секоја планирана активност. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Во оваа фаза не може во целост да се предвидат влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја ќе бидат предмет на анализа на конкретна планска и проектна документација за секоја планирана активност. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| За активностите предвидени како мерки за регионално управување со отпадот на ниво на конкретна планска/проектна документација ќе се изготвуваат: Извештај за стратегиска оцена на животната средина на ниво на планска документација за конкретна локација, Студија за оцена на влијанијата врз животната средина или Елаборат за заштита на животната средина на ниво на проектна документација, како и Барање за добивање А или Б дозвола за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ). |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот, односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Прашањето не е релевантно за овој планскиот документ. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Имплементација на планските активности, според предвидените сценарија, ќе допринесат за примена на интегриран систем за управување со отпадот како начин за ставање под контрола на значаен број видови создаден отпад, намалување на количините отпад кои завршуваат на депонија, намалување на количествата и потенцијалот на опасност на создадениот отпад, минимални емисии во атмосферата, водата и почвата, во споредба со емисиите на стакленички гасови и други загадувачки материи кои се создаваат при депонирањето на отпадот, сепарирање на фракции од отпадот кои може понатаму да се користат, што е во согласност со хиерархијата во управувањето со отпадот, искористување на енергетската вредност на отпадот (енергија, топлина, горива) и производство на компост.<br>Регионалното управување со отпадот, преку низа мерки и активности, ќе допринесе не само за одржлив развој на Република Македонија и економски придобивки, туку и за ублажување на ризиците кои потекнуваат од постоечките депонии и несоодветниот начин на управување со отпадот и заштита на медиумите од животната средина и здравјето на населението. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br>Примена на мерките за регионално управување со отпадот ќе допринесат за подобрување на начинот на управување со отпад, подобрување на состојбата на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови, подобрување на здравјето на населението, биолошката разновидност, водниот потенцијал, квалитетот на почвата, културното наследство и сл.<br>Во зависност од изборот на сценаријата и типот на мерките за управувањето со отпад кои ќе допринесат за подобрено управување со отпадот и нивната имплементација изразена преку конкретни проекти (во зависност од локацијата и сензитивноста на истата) кои може да генерираат емисии во воздухот од постројките за третман на отпадот, ракување и времено складирање и депонирање на отпадот, транспорт, генерирање на емисии, исцедок, опасен отпад, згура и сл. може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на населението, да го нарушат квалитетот и состојбата на водите, почвата, биолошката разновидност, природното и културното наследство, материјалните добра, да го зголемат нивото на бучава во животната средина, да го зголемат сообраќајот по сообраќајниците, да го зголемат ризикот од несреќи и хаварии, да влијаат врз развојот на туризмот, да предизвикаат прекугранични влијанија и сл. |

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Корелација на Регионалниот план за управување со отпад со планови, програми и стратегии во хиерархијата на планирање:

- Национален план за управување со отпад (2021-2031);
- Нацрт национална стратегија за управување со отпад, за периодот 2024-2036;
- Просторен план на Република Северна Македонија (2020-2040);
- Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019);
- Национален план за заштита на амбиенталниот воздух (2024-2028);
- Национална стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија за периодот 2008-2020, со визија до 2040 година;
- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027);
- Национална стратегија за механизам за чист развој (2008-2012);
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030);
- Национална стратегија за води (2011-2041);
- Национална стратегија и акционен план за биодиверзитет (2018-2023);
- Трет двогодишен ажуриран извештај за Националниот извештај за инвентар на климатските промени на Република Северна Македонија (2020);
- Имплементација на Акциониот план за топлина и здравје на Северна Македонија (2021);
- Програма за развој на Источниот плански регион (2015-2019);
- Програма за развој на Североисточниот плански регион (2021-2026);
- План за управување со отпад за општина Пехчево (2013-2019);
- План за управување со отпад за општина Виница (2013-2019) со Програмата за управување со отпад);
- План за управување со отпад на Македонска Каменица (2023-2027));
- Национална стратегија за апроксимација на животната средина (2007);
- Национален здравствено-еколошки акционен план (НЗЕАП);
- Програма за развој на Источен плански регион (2009-2013);
- Просторен план на Република Македонија.

Планот треба да ги опфати стратешките насоки дадени во овие плански документи и соодветно да предвиди мерки за нивна поддршка и координација. Планот е повисок плански документ во однос на Програмата за развој на Источниот и Североисточниот плански регион и треба соодветно да ги вклучи аспектите на развој утврдени во програмата.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Плановите и програмите на општините во овие региони се усвоени, кои претставуваат плански документ од пониско ниво за управување со отпад, затоа мерките предвидени во нив ќе бидат соодветно опфатени и интегрирани во Регионалниот план за управување со отпад. Потенцијалните влијанија врз животната средина од клучните одлуки во планскиот документ веќе се разгледани во Проценката на влијанието врз животната средина спроведена во рамките на проектот „Подготовка на проектни студии (СС, ОВЖС, СОЦ), проектна и тендерска документација за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во источниот и североисточниот регион

EuropeAid/136070/IH/SER/MK.

Испитаните и избрани сценарија на РПУО (плански документ) беа базирани на оваа студија.

Главните заклучоци беа следниве

**Мерки за ублажување за време на изградбата на проектните објекти**

За време на периодот на изградба, ќе се спроведе стандарден сет на мерки за ублажување, со цел да се спречи, минимизира и контролира нивото на бучава и вибрации, ерозијата на почвата, квалитетот на воздухот, цврстиот отпад, опасните материјали и испуштањето на отпадни води.

**Мерки за ублажување за време на собирањето и транспортот на отпад**

Проектот ќе вклучува и сепарација на рециклирачките материјали на местото на создавање, така што местата за собирање нема да станат места за сортирање за неформални собирачи на отпад. Транспортните возила ќе бидат покриени за да се избегне отпад од ветерот. Возилата ќе се одржуваат редовно со цел да се контролира емисијата во воздухот и создавањето бучава.

**Мерки за ублажување за време на преработка на отпад**

Емисиите во воздухот од преработката на отпад ќе бидат контролирани со технички и оперативни мерки. Системот за контрола на воздухот, врекастиот филтер и биофилтерот ќе се одржуваат за да останат ефикасни. Оперативните мерки ќе вклучуваат чистење на областите за преработка на отпад и патиштата, прскање со вода за прашина кога е потребно, употреба на опрема за превртување на ровови дизајнирана за минимизирање на емисиите во воздухот.

Исцедокот и истекот ќе се собираат и третираат во централната постројка за пречистување на отпадни води за да се исполнат важечките македонски и ЕУ еколошки стандарди пред испуштањето. Техничкиот дизајн на објектот ќе го детализира наклонот и ориентацијата на рововите и одводите за исцедок за да се избегне собирање на исцедок.

**Мерки за ублажување за време на депонирањето на отпад**

Системот за собирање на депониски гас ќе вклучува термичко уништување на затворен тип на палење. Техничките детали на системот ќе бидат дизајнирани во понатамошните фази од развојот на проектот. Екстракцијата на депонискиот гас ќе започне што е можно поскоро по отстранувањето на отпадот. Активната област за депонирање ќе биде минимизирана за да ја обезбеди најмалата можна површина на отпад, која е отворена и не е запечатена. Емисиите од падините на отпадот ќе бидат минимизирани со осигурување дека наклонот не е премногу стрмен за да се овозможи ефикасно затворање. Согорувањето во палењето ќе се следи за да се обезбеди ефикасност на уништување (бидејќи нецелосното согорување на депонискиот гас може да произведе токсични нуспроизводи).

Исцедокот од депонијата ќе се собира со активен систем на цевки и ќе се третира на лице место, во централната постројка за третман на отпадни води пред неговото конечно испуштање. Дел од исцедокот ќе се рециркулира во телото на депонијата, со што ќе се помогне во процесот на биоразградување и ќе се скрати периодот потребен за стабилизација на депонијата. Технологијата за третман ќе биде детално опишана во понатамошните фази од техничкиот дизајн. Примател на третираните отпадни води ќе биде потокот Клобук. Покрај тоа, секојдневно ќе се спроведуваат низа оперативни мерки за да се минимизира создавањето исцедок.

Ова ќе вклучува минимизирање на дневно изложената работна површина, набивање на ќелиите на депонијата, наклони и дневно покривање со цел да се намали инфилтрацијата на врнежите од дожд во телото на депонијата.

Контролата на штетните материи (прашина, отпадоци, емисии на мириси и пожар) ќе се постигне преку ефикасно набивање и редовно покривање на отпадот, минимизирање на отворените површини за депонирање, оградување на депонијата и уредување на пејзажот. Уредувањето ќе го земе предвид садењето зелена бариера околу локацијата на депонијата.

1.5.5 Мерки за ублажување на социјалните влијанија

Во случај на физичко или економско раселување за време на изградбата или работењето на проектот, сите сопственици и корисници на земјиште ќе бидат обесштетени во согласност со македонските закони и меѓународните стандарди. Ова ќе вклучува какви било привремени прекини или ограничувања на земјиштето и обесштетување за каква било штета или загуба на средства.

Влијанијата врз сообраќајот и транспортот ќе бидат ублажени со соодветно планирање на транспортот на локалната патна мрежа за да се избегнат шпиц часовите и да се спроведе пракса за безбедност во транспортот (контрола на брзината, ограничувања на времетраењето на патувањето, избегнување на опасни патишта итн.).

Лицата од ранливите групи кои собирале и сортирале отпад во постојниот неформален систем ќе бидат формално вработени во објектите на проектот.

На работниците во објектите за отпад ќе им бидат обезбедени соодветни ракавици, респираторни маски и заштитни чевли. Ќе се одржува добро домаќинство во областите за преработка и складирање на отпад. Ќе се користи интегриран пристап за контрола на штетници за контрола на штетници.

| |
|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>На ниво на конкретни активности за регионално управување со отпад, ќе се подготвуваат планови и проекти, како и извештаи за стратегиска оцена на животната средина, студии за оцена на влијанијата од проектот врз животната средина или Елаборат за заштита на животната средина на ниво на проектна документација, барања за А или Б дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањата, со посебен осврт во анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), здравје на населението, воздух и клима, вода, почва, биодиверзитет, прородно и културно наследство, материјални добра, отпад, бучава, вибрации, јонизирачко и нејонизирачко зрачење, несреќи и хаварии, прекугранични влијанија и сл.<br>Сите можни влијанија ќе се анализираат во подготвителна, конструктивна, оперативна и постоперативна фаза и ќе се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување.<br>**Врз основа на кажаното, клучната Одлука е да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина.** |

| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Младен Протиќ, директор на ЦРСИПР**<br>**Трајче Здравков, директор на ЦРИПР** |
| **Датум:**<br>**Место:** | **Печат:** |

Центар за развој на Третиот-Североисточен плански регион, Куманово

Центар за развој на
ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-87/12
22.12. 2025 год.
КУМАНОВО

Центар за развој на Источен плански регион, Штип

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-287/2
22.12. 2025 год.
ШТИП